**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.29**

**И.бр.1029/21**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Стопанска Банка АД Скопје преку полн.адв.Вера Јосифова** од Скопје со седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршните исправи Нотарски акт ОДУ бр.498/14 од 17.06.2014 година; ОДУ бр.218/19 од 12.03.2019 година; ОДУ бр.975/19 од 27.12.2019 година; ОДУ бр.204/21 од 09.04.2021 година на Нотар Богданка Димитровска, против **должникот-заложниот должник Друштво за производство, откуп, обработка и промет со тутун, земјоделство и трговија на големо и мало ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО увоз-извоз Делчево од Делчево** со седиште на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40, за спроведување на извршување во вредност 135.714.625,00 ден., на ден 22.12.2021 година го донесува следниот:
:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

- залиха на готов производ од берба 2019 тутун и тоа: тип ПРИЛЕП, индустриска класа АБЦ, количина 353.977,6 килограми нето тежина, со проценета вредност од 4,9 евра по килограм или вкупно 1.734.490,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 107.009.375,оо денари
- PPFI или Ситна ситневина берба 2019 година од индустриска класа АБЦ, 2.692,8 килограми нето тежина, со проценета вредност од 0,3 евра по килограм или вкупно 808,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 49.840,оо денари
- PPMM или мемливо влажен тутун, класа КККМ берба 2019 година, 978 килограми нето тежина, со проценета вредност од 1,5 евра по килограм или вкупно 1.467,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 90.507,оо денари
- FPC или скрап покрупна ситневина берба 2019 година од индустриска класа АБЦ, 3.029,4 килограми нето тежина, со проценета вредност од 0,5 евра по килограм или вкупно 1.515,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 93.449,оо денари

- Вкупно проценета вредност на кутии во кои е спакуван тутунот Smurfit Kappa 2.675 броја сметано по 8,8 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 543,оо денари или вкупна проценета вредност од 23.540,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 1.452.300,оо денари

Вкупно проценета вредност на залихата 1.761.820,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ од 108.695.471,оо денари, сопственост на должникот-заложниот должник Друштво за производство, откуп, обработка и промет со тутун, земјоделство и трговија на големо и мало ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО увоз-извоз Делчево од Делчево со седиште на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40.

Продажбата на подвижните предмети – залиха на тутун може да се изврши и за пооделни количини од истиот.

Почетната вредност на подвижните предмети, утврдена со Заклучок на извршителот И.бр.1029/21 од 22.12.2021 година, изнесува 1.761.820,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ од 108.695.471,оо денари, која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари:
Залог во корист на доверителот Стопанска Банка АД Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 31.12.2021 година во 12:00 часот во просториите на Извршителот Славе Дончев од Кочани со седиште на ул.,,Маршал Тито,,бр.54/2, Кочани.

Продажбата на предметите ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Сите даноци и давачки кои произлегуваат од продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат во простоиите кај третото лице Алајанс Уан Македонија АД Кавадарци на адреса Западен булевар бр. 105 во Кавадарци.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Должник-заложен должник

Доверител

Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.